**ПРЕДГОВОР НА РЕДАКЦИЈАТА**

Почитувани читатели,

Се наоѓаме пред новиот број на списанието Дефектолошка теорија и практика кое влезе во 14-тата година од своето постоење и се наоѓа пред големи предизвици. Главниот и одговорен уредник со несмален интензитет продолжи да го индексира списанието во повеќе меѓународни бази на податоци од кои за издвојување се: All India Institute of Speech and Hearing Library and Information Centre, HighBeam Research, Nova Southeastern University Libraries, OAJSE, OHSU Library, ourGlocal и мошне реномираниот Scopus.
Овој број оди со нов дизајн на корица која е модерна и ги следи светските стандарди за ваков тип на публикации, а креатор на истата е госпоѓицата Ресана Михаилова која неуморно во последните месеци работеше на подобрување на квалитетот на истата. Од овој број имаме и нов веб администратор господин Иван Мишев кој направи некои подобрувања во електронската верзија, а во иднина се очекува да направи уште поголеми промени на платформата за објавување и перформансите на веб страницата. На двајцата од сè срце им благодарам за несебичната поддршка.
Во овој број ќе можете да сретнете трудови за инклузивната култура во предучилишните установи во Македонија; да видите како е направена проценка на комуникациските јазични способности кај лица со Брокина афазија како последица од цереброваскуларен инсулт; ќе утврдите како се прави дијагностика базирана врз докази при нарушувања на гласот: теоретски преглед и модел. Понатаму, авторките Георгиева и Стефановска го задржуваат нашето внимание на проценка на егзекутивните функции преку евоцирани потенцијали кај деца со опсесивно-компулсивно растројство, а колешката Рајчановска нè запознава со преваленцијата на гризењето нокти кај предучилишните деца во градот Битола. Авторите од Босна и Херцеговина ја запознаваат читателската публика со фонолошките вештини кај децата со пречки во читањето.
Во рубриката вести и информации се сместени многу корисни информации за одржани семинари и конференции во земјата и странство, претставен е манифестот од конференцијата одржана во Скопје на 7 и 8 октомври 2010 година под наслов: „*Кон живеење во заедницата: актуелни состојби – идни предизвици*“, а на крај е дадена веста за престојното одбележување на Меѓународниот ден на аутизмот во организација на Македонско научно здружение за аутизам. Во овој број неизбежни беа редовните рубрики: резимеа од одбранети магистерски трудови, библиографија, листа на рецензенти и индекс на автори.
Сакаме да веруваме дека овој број ќе ги задоволи вашите вкусови, потреби и дека ќе одвоите од вашето време за читање на содржините на истиот. Купувањето на списанија е благородна работа со која го збогатувате вашето знаење и во исто време го продолжувате векот на опстојување на списанието. Секоја добронамерна критика ќе биде прифатена и ќе биде во контекст на подобрување на квалитетот на списанието.

Со почит,
Главен и одговорен уредник
Проф. д-р Владимир Трајковски

# EDITORIAL PREFACE

Dear readers,

We are approaching the new edition of the Journal of Special Education and Rehabilitation, that has been published for 14 years up to date and facing new challenges. The editor-in-chief with ever-increasing intensity continued to promote the journal in several international databases among which more eminent are: All India Institute of Speech and Hearing Library and Information Centre, HighBeam Research, Nova Southeastern University Libraries, OAJSE, OHSU Library, ourGlocal and the renowned Scopus.

This edition is improved with new front cover design that is contemporary and follows the world standards regarding this type of publications. Its designer is Miss Resana Mihailova who diligently in the last several months improved its outlook. With this edition we have new cooperation with M. Ivan Mishev, our new web administrator, who is responsible for series of improvements of the journal's electronic copy. He is also expected to deliver upgrading of the publishing platform and the web site performance in future. I am sending true gratitude to both for their unselfish support.

In this issue you will be able to find articles analyzing the inclusive culture in the preschool institutions in Macedonia; you will be able to see the procedure of evaluating the communication language capabilities of individuals suffering from Broca's aphasia, a consequence of the cerebrovascular insult; you will be able to see the process of diagnosing based on evidences of vocal disorders: theoretical review and model. Further on, the authors Georgieva and Stefanovska retain our attention with evaluation of the executive functions trough evoked potentials among children with possessive-compulsive disorders and Rajchinovska is introducing the prevalence of nail biting habits among children in preschool education in Bitola. The authors from Bosnia and Herzegovina are engaging the readers with the phonological skills among children with reading disabilities.

In the news and information column you can find useful information regarding the seminars and conferences held in our country and abroad. The manifest from the conference named: '*Towards living in a community: existing conditions- future challenges*', held between 7th and 8th of October 2010 in Skopje is also presented among others. The final chapter of the journal is dedicated to the upcoming celebration of the World Autism Day in organization by the Macedonian Scientific Association for Autism. In this issue, inevitable were also the columns: resumes of defended Master's Theses, bibliography, list of referents and index of authors.

We would like to believe that this issue will satisfy your expectations, as well as your needs and you will dedicate part of your time to read its content. Purchasing this issue is a noble deed with which you are upgrading your knowledge and in the same time extending the existence of this journal. Every well intended critique will be accepted and will serve to improve the quality of the journal.

With respect,
Editor-In-Chief
Prof. Dr. Vladimir Trajkovski